РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Факултетзаинформатички науки и компјутерско инженерство

Број: 02-1041/1

Датум: 23.04.2018 година
Скопје

Врз основа на член 43 алинеја 13 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во согласност со член 123 125а и член 131 и 132 од Законот за високо образование (Сл. весник бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009, бр.115/2010, бр.17/2011, 51/2011 123/2012 и 15/2013), а по претходно објавен Конкурс во весниците „Вечер’, „Нова Македонија“ и “Коха” од 6.12.2017 година, Наставно-научниот совет на факултетот на својата редовна 9-та седница одржана на 19.04.2018 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА

за избор

I. м-р Александар Тенев се избира во звањето асистент докторанд во сите наставно научни области од наставно научните подрачја информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

II. Асистентот – докторанд од став 1 се избира за време од пет години.

III. Доколку асистентот - докторанд не одбрани докторска дисертација до истекот на времето за кое е избран, му престанува работниот однос.

IV. Одлуката стапува во сила од денот на донесувањето.

Образложение

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј“ Скопје по претходно спроведена постапка а врз база на Извештај на Рецензентска комисија за избор во звање асистент докторанд, објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, бр. б1163 од 15.02.2018 година, согласно на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно научни звања наставно стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Архива
- Персонално досие
- Сметководство
- Именуваниот

Декан
Вон. проф. д-р Иван Чорбев

Изработил: Игор Цветановски